Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12 и 87/13), министерот за здравство донесе

# У П А Т С Т В О

# ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ПРИ ГОНОРЕЈА

## Член 1

Со ова упатство се пропишува практикувањето на медицина заснована на докази при гонореја.

## Член 2

Начинот на медицинското згрижување при гонореја е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

## Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на медицинското згрижување при гонореја по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на медицинското згрижување, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

## Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-9560/2

30 ноември 2013 година

Скопје

**МИНИСТЕР**

**Никола Тодоров**

____________________

Прилог

# ГОНОРЕЈА

МЗД Упатство
25.10.2011


- Основни правила
- Етиологија
- Епидемиологија
- Време на инкубација и симптоми
- Компликации
- Лабораториски испитувања
- Терапија
- Изнаоѓање на контактите и следење по третманот
- Поврзани докази
- Референци


## ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Културата е основен дијагностички метод кој обезбедува одредување и на бактериската резистенција. Култура се прави ако пациентот има симптоми или анамнеза (познат партнер, секс помеѓу мажи) кои сугерираат гонореја, или гонорејата е докажана со примерок од урина.
- Демонстрацијата на гонококна нуклеинска киселина во првиот млаз урина е погодно за скрининг.
- Ceftriaxone е лек од избор заради зголемента резистенција на кинолони.

## ЕТИОЛОГИЈА

- Предизвикувач е бактеријата Neisseria gonorrhoeae (gonococcus), грам-негативен диплокок.
- Се пренесува речиси секогаш само со сексуален контакт и се размножува во цилиндричниот епител на мукозните мембрани.

## ЕПИДЕМИОЛОГИЈА

- Инциденцата на гонореја се разликува во различни земји, а исто така и резистенцијата на медикаменти.
- Продолжува ширењето на резистентните соеви на кинолони.
    - Ceftriaxone е терапија од избор наместо ciprofloxacin.
- Освен на гениталните органи, гонококната инфекција може да се јави во фаринксот или ректумот. Окуларната гонореја денес е ретка.

## ИНКУБАЦИЈА И СИМПТОМИ

- Кај мажи, 2-5 дена по експозицијата.
- Кај жени, 1-2 недели по експозицијата.
- Симптомите се вообичаено благи или  комплетно отсутни. Јасно видливи симптоми се појавуваат кај околу 60% од мажите и 30% од жените.

- Кај мажите симптомите се уретритис и жолтеникав уретрален секрет, а кај жените вагинален секрет, болка во текот на уринирање и болки во долниот дел на абдоменот.

## КОМПЛИКАЦИИ

- Кај жените најсериозна компликација е пелвична инфламаторна болест (ПИБ), а кај мажите гонорејата може да предизвика епидидимитис.
- Ретки компликации на нетретирана гонореја се пустулозен дерматит и артрит.
- При анален сексуален контакт може да се јави проктит и проктоколит.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИСПИТУВАЊА

- Наодот на бројни леукоцити и интрацелуларни диплококи во *размаската* од гноен секрет на предметно стакло (боена со метиленско синило или според Грам) ја сугерира дијагнозата на гонореја.
- *Културата* претставува базичен метод за поставување на дијагнозата и за одредување на антибиотската резистенција. Ова е иследување од прва линија ако пациентот има анамнеза која сугерира гонореја (познат партнер, секс помеѓу мажи) и/или има јасни симптоми, карактеристични за гонореја.
  - Примерокот се зема со дакронски брис од уретрата и цервиксот, а кога е неопходно и од фарингсот и ректумот. Примерокот се чува на +4 $^{0}$C, ако чувањето е неопходно.
  - Се сади на специјална подлога. Негативен резултат се добива по неколку дена. Конечниот позитивен резултат и испитувањето на чувствителноста на гонококите на ceftriaxone се добиваат за еден до три дена.
- *Тест на амплификација на нуклеинските киселини на гонококите.*
  - Овој чувствителен тест се прави во специјални лаборатории и ја заменува културата, а се користи и за скрининг.
  - Првиот млаз на урината или примерок, земен со брис, се испитува со тестот на амплификација на нуклеинските киселини (ннд-**B).** Резултатот е готов истиот ден.
  - Истиот примерок може да се употреби за истовремено тестирање за гонореја и за инфекција со хламидија.

## ТЕРАПИЈА

- Ако тестот на амплификација на нуклеинските киселини на гонококите е позитивен, би требало да се земе примерок за културелно испитување, со цел да се одреди осетливоста на антибиотици пред да се почне со антибиотскиот третман.

**Некомплицирана акутна инфекција**
- Spectinomycin (ннд-**C**) 2 гр како еднократна доза и.м. се дава на пациенти кои се алергични на циклоспорини.

**Комплицирана инфекција**
- Ceftriaxone 1 гр еднократно и.м. 3-5 дена.

## ИЗНАОЃАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ И СЛЕДЕЊЕ ПО ТЕРАПИЈАТА

- Особено внимание би требало да се обрне за изнаоѓање на контактите во заедницата. Ова треба да го прават централизирано специјалните СТИ амбуланти или другите експерти.
- За д**а** с̲е потврди комплетното излекување, се зема контролен примерок.

- Контролниот примерок за култура се зема една недела по спроведената терапија, а за изведување на тестот за амплификација на нуклеинските киселини, по 3 недели од завршувањето на третманот.

## РЕФЕРЕНЦИ


1. Berglund T, Asikainen T, Grützmeier S, Rudén AK, Wretlind B, Sandström E. The epidemiology of gonorrhea among men who have sex with men in Stockholm, Sweden, 1990-2004. Sex Transm Dis 2007 Mar; 34(3):174-9. PubMed
2. Centers for Disease Control and Prevention (CDC). Update to CDC's sexually transmitted diseases treatment guidelines, 2006: fluoroquinolones no longer recommended for treatment of gonococcal infections. MMWR Morb Mortal Wkly Rep 2007 Apr 13; 56(14):332-6. PubMed


Authors: Timo Reunala, Article ID: ebm00254 (012.002), © 2012 Duodecim Medical Publications Ltd

1. **EBM Guidelines, 25.10.2011, http://www.ebm-guidelines.com**
2. **Упатството треба да се ажурира еднаш на 4 години.**
3. **Предвидено еследно ажурирање до октомври 2015 година.**